Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT
OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

Националниот превентивен механизам, во текот на месец септември 2016 г. изврши посета во КПУ-КПД „Идризово“, во соработка со надворешни соработници-претставници од Здружението на психијатри на РМ, Здружението по судска медицина при Македонско лекарско друштво, Здружението на социјални работници на град Скопје и Здружението на медицински сестри, техничари и акушерки на РМ, врз основа на претходно склучени Меморандуми за соработка.

Посетата беше извршена ненајавено, врз основа на претходно подготвен план за посета, во согласност со Методологијата и Правилникот за начинот на вршење превенција од тортура и друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

Националниот превентивен механизам за констатираните состојби изготви **Посебен извештај со конкретни препораки**, кој го достави до директорот на КПУ-КПД „Идризово“ и до соодветните органи и министерства.

Високиот степен на утврдени прекршувања и непочитувања на правата на осудените лица што се на издржување казна затвор во КПУ-КПД „Идризово“, не само што упатуваат на сурово, нечовечко и понижувачко постапување и казнување, туку под сериозно сомневање ја доведуваат и целисходноста од понатамошно извршување на казната во оваа Установа.

(Целосниот извештај од извршената посета може да го најдете на следниот **линк http://ombudsman.mk/MK/nacionalen_preventiven_mehanizam/izveshtai/posebni_izveshtai.aspx**)